# ЗАВОЕН ИНДУСТРИСКИ КОМПРЕСОР

## RK-75A-PRO



Во современото производство, компресорот не е само извор на воздух – тој е еден од најголемите потрошувачи на електрична енергија. Затоа изборот на завоен компресор со инвертер (VSD) директно влијае на месечните трошоци, стабилноста на производството и долговечноста на опремата.




### ИНВЕРТЕР ТЕХНОЛОГИЈА

Завојниот компресор со инвертер не работи по принцип вклучи/исклучи, туку континуирано ја прилагодува брзината и моќноста според потрошувачката на компримиран воздух. Нема празен од и губење енергија, а овозможува мек старт, стабилен притисок и оптимално работење во секој момент.



### РЕАЛНА ИСПЛАТЛИВОСТ

Иако почетната инвестиција за завоен компресор со инвертер е повисока, разликата во цена брзо се враќа преку заштеда на електрична енергија. Во реални услови, заштедата изнесува до 50% помала потрошувачка на струја, што овозможува компресорот да се исплати за 12 до 24 месеци, а потоа носи директна финансиска заштеда и пониски оперативни трошоци.



### ИНТЕГРИРАН СУШАЧ И ФИЛТРАЦИЈА

Компримиран воздух без соодветна обработка содржи влага, масло и нечистотии кои можат да ги оштетат пневматските компоненти. Завојните компресори со интегриран сушач и филтрација обезбедуваат сув, чист и стабилен воздух, што значи помалку дефекти, подолг век на машините и сигурно производство без непланирани застои.



### НИСКО НИВО НА БУЧАВА

За разлика од клипните компресори кои создаваат висок шум, завојните компресори работат тивко и рамномерно, со значително пониско ниво на бучава. Ова овозможува поставување поблиску до работниот простор, обезбедувајќи помал замор, поголема концентрација и подобри услови за работа.



### СИГУРНОСТ И КОНТИНУИТЕТ

Завојниот компресор со инвертер обезбедува постојан и стабилен притисок, без падови и осцилации кои можат да влијаат на работата на машините. Благодарение на рамномерното работење, производството тече непречено, без прекини и проблеми со воздухот, што е особено важно за CNC машини, кантерици и автоматизирани линии.

| | |
|---|---|
| Моќност на мотор | 7.5kW |
| Капацитет на воздух | 0.95m$^3$/min при 10bar / 1.0MPa — 950L/min<br>1.10m$^3$/min при 8bar / 0.8MPa — 1100L/min<br>1.20m$^3$/min при 7bar / 0.7MPa — 1200L/min |
| Работен притисок | 7–10bar |
| Максимален притисок | 10bar |
| Капацитет на воздушен резервоар | 500L |
| Напон | 380V / 50Hz / 3 фази |
| Работна бучава | 66 ± 2dB |
| Начин на стартување | Инвертер / фреквентна регулација |
| Систем за сушење и филтрација на воздух | Вклучен |
| Контролни дисплеји | Вклучен |
| Заштита од преоптоварување | Вклучен |
| Заштитна звучно-изолирана кабина | Вклучен |
| Димензии на пакување | 1970x770x1400mm |
| Намена | За производствени погони каде што е потребен стабилен притисок, добар проток и сув воздух |